До: Портпаролот на Министерството за економија

Предмет: Изјава за јавност од Работната група во врска со изработената анализа на падот на индустриското производство во 2004 година.

Почитуван Г-дин Пачемски,

ДЗС и Центарот за економски анализи (ЦЕА) го предлагаат следново обраќање до јавноста во врска со изработената "Анализа на падот на индустриското производство во 2004 година".

## ОПШТИ НАПОМЕНИ

1. Центарот за економски анализи (ЦЕА) изработи "Анализа на падот на индустриското производство во 2004 година" за својот клиент Министерот за економија и анализата ја достави во договорениот рок.
2. Во својата работа ЦЕА соработуваше со сите членови на работната група формирана за таа намена и тоа: Министерството за економија, Државниот завод за статистика, Министерството за финансии и Народната банка на РМ.

## ЗА АНАЛИЗАТА

1. Целта на "Анализа на падот на индустриското производство во 2004 година" не беше пронаоѓање на причините за сегашната состојба на македонската економија што подразбира друг тип на истражување кое почива на фундаментални макроекономски и микроекономски анализи.
2. ЦЕА, согласно договорот и предложениот проектен предлог до Министерството за економија, изврши анализа на:

    а. Обемот на производство во периодот јануари-мај во 2003 и 2004 година. Тоа се изврши на две нивоа: индустриски оддели и поединечни претпријатија. Врз основа на анализата се лоцираа одделите и претпријатијата кои имаат најголем придонес во падот на индустриското производство во првите пет месеци на 2004 година.
    б. Се изврши споредба на податоците од индустриското производство и бруто домашниот производ, односно се утврди колкаво е учеството во БДП на претпријатијата кои се опфатени во примерокот на истражувањето за индустриското производство. Целта беше да се утврди дали има

индустриски гранки каде што примерокот не го одразува најсоодветно производството во индустриската гранка.

ц. Се направи разграничување кои претпријатија се извозници, а кои работат претежно за домашен пазар. Врз основа на тоа, се утврди дали за падот на производството во издвоените оддели, причините лежат во недоволната извозна или домашна побарувачка.

## ЗАКЛУЧОЦИ НА РАБОТНАТА ГРУПА

1. Државниот завод за статистика во стандардната процедура која следи по завршувањето на годината врши сведување на месечните индекси на годишно ниво како база за пресметка на индексите (месец/месец, ниво) на индустриското производство во 2004 година. При тоа во постапката може да се користат индекси пресметани од пондерираните месечни маси или пак индекси пресметани од објавените месечни индекси за 2003 година. При пресметката на индустриското производство за јануари и февруари 2004 година се земени индексите пресметани од пондерираните маси во 2003. При пресметката се јави диспропорцијата во објавените индексите за јануари и февруари. Заради утврдената диспропорција како и турбулентноста со која се соочува македонската економија направена е корекција врз база на Препораките на ЕУРОСТАТ и во пресметката на индексите на индустриското производство за јануари и февруари 2004 земени се пресметаните месечни индекси за 2003 година.

2. Од аспект на бруто додадена вредност од примерокот во бруто додадена вредност на популацијата за чисто индустриски деловни субјекти имаме задоволителна репрезентативност од 80.9 %. Заклучокот е дека дури и да е примерокот репрезентативен (во целина), можно е на ниво на оддели да постои проблем со покриеноста на популацијата, што е проблем на стратификацијата. За таа цел е анализирана конзистентноста на структурата на стратумите (одделите) од аспект на масата и од аспект на бруто додадената вредност. Резултатите покажаа дека одделот 27 (производство на основни метали), на пример, влегува во структурата на масата со 27,25%, додека во структурата на бруто додадената вредност учествува со само 6,48%. Од друга страна, одделот 40 (производство на електрична енергија) во структурата на масата во примерокот зафаќа само 8,75%, но неговото учество во бруто додадената вредност во 2003 година било 28,1%. Заклучок е дека проблемот со примерокот е повеќе проблем на стратификација (концентрација во мал број на оддели).Тоа придонесе и падот во одделот 27 (производство на основни метали) да учествува со придонес на падот во масата од 20.64 процентни

поени од вкупниот пад во маса од 28.4 процентни поени во првите пет месеци од 2004 година.

3. Процесот на ажурирање на примерокот, Одделението за индустрија го спроведува секоја година, (бројот на деловните субјекти кои се вклучени во административната евиденција во Одделението во 2003 година е зголемен за 14% во однос на 1998 година). Во поглед на евиденцијата во 2003 година констатирано е дека 3.5% од деловните субјекти се во стечај, 4.5% не работат, а кај 18% не е довршена приватизацијата или е довршена, а сé уште не почнале да работат. Бидејќи ова е состојба за која не може со сигурност да се знае до кога ќе се одржува, тоа не повлекува автоматски и бришење од евиденцијата бидејќи мора да се почитува правилото на континуираност и споредливост на серијата.

4. ЦЕА смета дека Државниот завод за статистика треба да изврши анализа за потребата од ревидирање на примерокот на две до три години наместо праксата на ревидирање на секои пет години.

5. За одделите кои прикажуваат раст во маса, а прикажуваат пад на продажба дома и во странство се обидовме да ги испитаме и залихите. Согласно методологијата по која се водат залихите на готови производи на крајот од извештајниот месец и начинот на прикажување на залихите неможе да се обезбеди конзистентност во споредбата со останатите показатели (масата и продажбата на домашен и странски пазар) и поради тоа не треба да се предмет на анализа.

6. Оние оддели кои прикажуваат пад во маса, прикажуваат раст на продажба дома, но пад на продажба во странство, па затоа заклучок би бил дека производителите го губат здивот на пазарите во странство.

7. Работната група е на мислење дека информациите пласирани во јавноста за “фирми кои доставувале лажни податоци за сопственото производство” се неодговорни и непотврдени. Особено не е точно дека компаниите: “рапортирале во извештаите до статистика пад на нивното индустриско производство, додека во рапортите кои ги издаваат во министерството за финансии, па дури и до извештајот на ММФ детектираат драстичен раст”.

8. Извештајот на ЦЕА на ниту еден начин не оди во прилог на “линија на досегашните ставови на министрите да не се признава пад на економијата туку да се обвинат компаниите”.

9. Доколку се исфилтрира влијанието на одделни претпријатија (претпријатијата кои се во стечај, во предстечајна постапка, претпријатија каде настанал процес на спојување или фирми кои во овој период не работеле) падот на масата на останатите компании во примерокот е 4.5%.

10. Со две економетриски регресии на индексот на индустриско производство со извозот и со потрошувачката на електрична енергија како независни варијабли, ЦЕА дојде до пад на индексот на индустриско производство за првиот квартал од 2004 година помеѓу 1.5%-2.5% при ниво на значајност од 5% за параметрите.

Со почит,

Работната група

Министерство за економија

Центар за економски анализи

Државен завод за статистика